Во согласност со член 20 од Статутот на Здружението Македонска асоцијација на корпоративни правници Скопје (во понатамошниот текст: "Здружение или МАКП") на ден 24.11.2023 година, Собранието на Здружението го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО
## МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ

**Член 1**

Член на Здружението може да биде физичко лице со завршено високо образование или постдипломски студии во областа на правните науки и кое исполнува еден од следниве услови:

- Да е на раководна позиција или заменик на раководна позиција на правен оддел во трговско друштво;
- Да е вработено во трговско друштво, здружение на граѓани, фондација или асоцијација и задолжено за прашања од областа на корпоративното право и поврзани области како што се, без ограничување: правна усогласеност (compliance), облигационо право, работни односи и управување со човечки ресурси, заштита на лични податоци, финансии, судски и управни постапки и сл.
- Да е истакнат експерт со докажано теоретско и/или практично искуство од областа на корпоративното или деловното право;
- Да е основач на Здружението.
- Да ги достави потпишани документите за зачленување од Член 2,

Како трговско друштво во смисла на став 1 од овој Член нема да се смета адвокатско друшто, како и јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост.

**Член 2**

Постапката за стекнување на членство во Здружението започнува со поднесување Пристапница, Согласност за обработка на личните податоци и Изјава за интегритет и доверливост во електронска форма.

Банкарска сметка за уплата на членарината е 200004037606659, Македонска асоцијација на правници, Стопанска Банка АД- Скопје.

Откако ќе биде известен, подносителот се стекнува со полноправно членство во Здружението со уплатата на членарината. За обновување на членството се врши уплата на членарината најдоцна до истекот на овој период од една година.

Управниот одбор одлучува за приемот на нови членови, а Собранието го констатира приемот на новите членови на првата наредна седница.

**Член 3**

Износот на годишната членарина изнесува 3.000 (три илјади) денари. Уплатата на членарината новиот член ја врши во рок од 15 дена сметано од денот на кој било потврдено пристапувањето. Доколку не биде уплатена во овој рок, новиот член може да поднесе ново барање по истек на период од 6 месеци.

Обновата на членството за постоечките членови се реализира зависно од периодот на зачленување во тековната година, и тоа како што следува:

- за членовите кои се зачлениле во првата половина на годината, рокот за наредната уплата на членарината е до 15 февруари во наредната година,

- за членовите кои се зачлениле во втората половина на годината, рокот за наредната уплата на членарината е до 15 септември во наредната година,

Здружението ги употребува средствата прибрани од членарината исклучиво за остварување на целите и задачите предвидени со закон и Статут.

**Член 4**

Членството во Здружението може да престане на еден од следните начини:

1) Со одлука на Управниот одбор доколку Управниот одбор утврди дека членот:
- не ги исполнува условите од член 1 на овој Правилник или навел невистинините податоци при пристапувањето;
- постапува спротивно на целите и задачите од Статутот на Здружението;
- ги злоупотребува информациите и поволностите добиени на било кој начин преку Здружението;
- влијае негативно на угледот на професијата или на Здружението;
- постапува спротивно на изјавеното во Изјавата за интегритет и доверливост;
- неовластено ги користи логото, називот или било кои средствата во сопственост на Здружението.

2) По автоматизам во случај на неплаќање на годишната членарина во предвидениот рок со овој Правилник. Во таков случај престанокот на членството го предлага Управниот одбор, а го констатира Собранието на првата наредна седница.

**Член 5**

Личните податоци на членовите Здружението ќе ги обработува во согласност со Политиката за приватност и Законот за заштита на личните податоци.
Надзорниот одбор на Здружението води регистар на збирки на лични податоци на членовите

**Член 6**

Овој Правилник ќе се применува од датумот на неговото усвојување, а доколку има потреба ќе биде повторно разгледан и ревидиран согласно потребите, а во секој случај во рок од една година од почетокот на неговата примена.
Доколку некоја одредба од овој Правилник стане неприменлива или неважечка, односно спротивна на одредбите од Статутот на Здружението, предност ќе имаат одредбите од Статутот, односно, таквите одредби ќе ја заменат неважечката одредба.

Претседател:
Иван Петрушевски

Здружение Македонска Асоцијација на Корпоративни Правници · Скопје